OHRIDSKA
BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

Врз основа на член 38, став 1, точка 8 од Статутот на Охридска банка АД Скопје, Собранието на Охридска банка АД Скопје, на седницата одржана на ден 31.1.2019 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за именување на независен член на Надзорниот одбор**
**на Охридска банка АД Скопје**

1. За независен член на Надзорниот одбор на Охридска банка АД Скопје се именува следното лице:

   - Горан Петревски од Охрид, Република Македонија, роден на 25.2.1970 година, со завршено високо образование од областа на економијата на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

2. Мандатот на членот на Надзорниот одбор трае 4 (четири) години.

3. На членовите на Надзорниот одбор им припаѓа надоместок за учество и работа на седниците во висина определена со Одлука на Собранието на Банката.

4. Оваа Одлука ќе влезе во сила по добивањето согласност од гувернерот на Народната банка на Р. Македонија.

**СО Бр. 0201-7244/4**
**31.1.2019 г.**
**Скопје**

ОХРИДСКА БАНКА А.Д. СКОПЈЕ

**Собрание на**
**Охридска банка АД Скопје**
**претседавач,**

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Во согласност со Законот за банките (Сл. весник бр. 67/2007, 90/2009, 67/2010, 26/2013, 15/2015, 153/2015 и 190/2016) и Статутот на Банката, Надзорниот одбор е орган на управување на Банката.

Именувањето на членовите на Надзорниот одбор го врши Собранието на Банката со одлука којашто стапува во сила по добивањето согласност од гувернерот на Народната банка на РМ.

Во согласност со Статутот на Банката, Надзорниот одбор се состои од 5 (пет) члена, од кои 3 (три) члена се од редот на акционерите и 2 (два) се независни членови. Членот на Надзорниот одбор треба да ги исполнува условите од член 53 од Статутот на Банката.

Мандатот на членовите на Надзорниот одбор изнесува 4 (четири) години.

Номинирањето на кандидатите го вршат акционерите на Банката со доставување писмен предлог за кандидатите за членови на Надзорниот одбор и податоци за возраста, образованието и другите професионални квалификации, работното искуство, во кои друштва биле или се членови на органите на управување, односно на надзорен одбор и други поважни функции што ги вршеле, бројот на акциите што ги поседуваат во Банката и во други друштва и др.

Одлуката за именување на членовите на Надзорниот одбор се смета за донесена ако за неа се изјасниле мнозинството акционери што поседуваат акции со право на глас, претставени на Собранието.

Одлуката влегува во сила по добивањето согласност од гувернерот на НБРМ.